# У П А Т С Т В О

## ДИЈАГНОСТИЧКО СРОДНИ ГРУПИ

## DIAGNOSTIC RELATED GROUPS

Key words: DRG, Casemix, Grouper, AR-DRG, ICD10

Почитувани,

Ви благодариме за Вашите досегашни напори, и Вашата подршка во спроведување на реформите во Болничката Здравствена Заштита.

Основната цел на реформите е унапредување на состојбите во здравството, како за пациентите така и за сите здравствени работници.

После голем период на мирување, конечно, здравството во Република Македонија зачекорува кон модерните светски трендови во организација и финансирање на здравството, се со цел подобро и модерно здравство.

Зошто ДРГ ?

Во моментот, како мерило за утврдување на обемот на здравствената работа Република Македонија го користи застарениот ценовник на здравствени услуги, дизајниран по моделот на Германскиот Поинт Систем - веке одамна заменет со ДРГ дури и во Германија.

Разликата е во тоа што од систем каде мерило на здравствените услуги се работни часови, лекови, конци и игли, преминуваме кон систем каде здравствената работа е изразена во категорија на лекуван пациент.

Од еден систем каде главна улога имаат лековите и материјалните трошоци, одиме кон систем каде во центарот се наога здравјето на пациентот, но и вистинско вреднување на трудот на лекарот и целиот тим.

Зависно од трошоците за просечно лекување како и сродноста во морбидитетот и начинот на лекување, пациентите се групирани во 660 различни групи од кој секоја има своја релативна тежина и вредност.

Преку системот на ДРГ Болниците за прв пат добиваат целосна слобода во работата и менаџирањето, како и можност заштедите и ефикасноста во работа да ја искористат за награда на своите вработени и сопствен развој.

Тенденција на ДРГ системот е зголемување на бројот на излекувани пациенти и скратување на просечното времетраење на лекувањето, воведување на современи методи кои значат минимално инвазивна или еднодневна хирургија, како и потреба од центри за продолжено лекување.

**ДРГ Групер / КОДИРАЊЕ**

Компјутерскиот систем кој врши групирање и класификација на пациентите во една од 660 различни ДРГ групи е наречен ГРУПЕР.

Груперот користи податоци како што се:

Пол и Возраст на пациентот?
Тежина / кога се работи за новороденче?
Времетраење на лекувањето?
Каде и Дали продолжува лекувањето?
Компликации при лекувањето? од еден до четири каде четири е најтешко

Основна Дијагноза / како причина за приемот во Болница

Секундарна Дијагноза / додатни заболувања кои пациентот ги има и кои можат да влијаат на текот на лекувањето

Кодовите на Дијагнизите се согласно МКБ-10 Мегународната Класификација на Болести и соодветните дополненија на истата.

Истите се внесуваат во соодветните квадратчиња обележени за нив.

Во најголем број на случаи дијагнозата се дефинира врз основа на МКБ-10 кодовите со четири алфанумерички карактери, освен мал број на дијагнози за кој груперот го бара и петиот алфанумерички карактер од МКБ-10 како дел од шифрата, најчесто 0, 1,2 или 9 кои попрецизно ја дефинираат дијагнозата односно заболувањето кај пациентот.

За квалитетно и прецизно групирање, покрај Дијагнозите потрено е да се внесат и процедурите кои се вршени врз пациентот.

Процедурите се дефинирани во листата на Операции и Процедури, каде истите се поделени по специјалност. Кодовите за истите се внесуваат во обележаните квадратчињата.

**Пребарување / Search**

За полесно пронаогање на одредена дијагноза или процедура, во долниот дел на екранот е сместен прозорец каде со внесување на неколку почетни букви или дел од дијагнозата пребарувачот помага да ја најдеме бараната.

Важно!!! Пребарувањето се врши на македонски јазик, затоа важно е на вашиот компјутер да биде вклучена македонска подршка.

**Дефиниција на податоците**

Дефиниција и класификација на податоците врши лекарот кој го лекувал пациентот

За полесна комуникација, здравствените установи може да испечатат верзија на груперот каде лекарот рачно ке може да ги внесе податоците, кои потоа ке бидат предмет на компјутерска обработка.

**Внес на податоците**

Внесување на податоците во ДРГ Груперот и Кодирање на истите може да врши помошниот медицински или административен персонал.

За внес на податоците потребен е Компјутер и Интернет врска.

**Кога се групира?**

За обезбедување на прецизно групирање, кодирањето се врши најдоцна 24 часа од завршетокот на лекувањето односно од отпуштањето на пациентот.

**Правилно Кодирање ?**

За правилно кодирање/групирање, потребно е здравствените работници да имаат познавање од МКБ-10, како и од Класификацијата на Операции и Процедури.

Потребно е внимателно и систематско внесување на податоците.

Во случај на погрешно или нелогично внесување на податоците, самиот групер јавува дека има грешка во групирањето, во тој случај треба да се вратите назад и да ги проверите внесените чекори.

Во случај да нема грешка помегу досието на пациентот и процесот на внесување, побарајте консултација со лекарот кој го водел пациентот. Можеби одредени податоци за болеста, процесот на лекување или пациентот, биле погрешно запишани.

**Групирај и Печати**

По комплетно внесување на податоците потребно е да го притиснете знакот "групирај" и почекајте.

Во зависност од внесените параметри за пациентот и неговото лекување, груперот врши групирање односно одредување во која група се наога пациентот.

Групите со нумеричка шифра од 0-39 се хируршки зафати.

По добивањето на резултатот од групирањето потребно е едноставно печатење на формуларот и ставање на истиот во досието за пациентот.

**Собирање и Евиденција на податоците од Груперот**

Секоја здравствена установа води евиденција на вкупно лекуваните пациенти по Дијагностичко Сродна Група.

Здравствената Установа е должна да отвори регистар каде ке ги води пациентите по Дијагностичко Сродна Група.

На крајот од месецот Здравствената Установа прави извештај за бројот на лекувани пациенти во секоја Дијагностичко Сродна Група.

Еден пациент при напуштањето на Болницата може да биде групиран само во една Дијагностичко Сродна Група.

Групирањето се врши во установата од каде пациентот се испушта.

Од 1 Февруари 2008, групирањето е задолжително за сите здравствени установи кои вршат болничка дејност.

Истото треба да се врши за сите пациенти примени на лекување.

Сите амбулантно-поликлинички пациенти кои не се задржани на лекување треба да се евидентираат посебно.

## КОРИСНИЧНКО УПАТСТВО – DRG ГРУПЕР

Корисници на апликацијата се здраствени работници овластените од страна на здраствениот субјект со различен вид на привилегии за одредени активности

### СТРАНА ЗА ЛОГИРАЊЕ

При избарање на линкот за “**Најава**” се отвара страна за логирање во системот каде што треба да се внесат валидни податоци на одреден корисник во системот. Прикажано на (Слика 2.1-1).




Кога ќе се внесат невалидни податоци за “**Корисник** ” и “**Лозинка**" се прикажува валидација (Слика 2.1-2)



# ДРГ ГРУПЕР

## ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

После успешно логирање во системот, со ролја на Болница која што има привилегија за внес на ДРГ-ја, откако ќе се избере линкот **ДРГ групер** се прикажува (Слика 3.1-1), каде што се овозможува внес на информации за одреден пациент. При одбирањето на копчето **“Групирај**” на Слика 3.1-1 внесените податоци од овластеното лице се зачувуваат во системот за понатамошен преглед и контрола од овластени лица од Фондот за Здравство.




Слика 3.1-1 Внес на информации за пациент

Доколку логираниот корисник има потреба од пребарување за да го пронајде точниот код на некоја дијагноза или процедра пред да го направи снимањето на ДРГ кодот, може да се направи пребарување откако ќе внесат минимални информации и се избере копчето **Барај.** Пребарувањето се прави според **кодот** или **описот**. Притоа ќе му биде понудена листа со код и опис на одредена дијагноза или процедура кои што постојат во системот. Прикажано на Слика 3.1-2.




| Код | Опис |
|---|---|
| M4900 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ПОВЕЌЕ ЛОКАЛИЗАЦИИ НА `РБЕТОТ (A18.0+) |
| M4901 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ОКЦИПИТО-АТЛАНТО-АКСИЈАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4902 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ЦЕРВИКАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4903 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ЦЕРВИКОТОРАКАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4904 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ТОРАКАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4905 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ТОРАКОЛУМБАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4906 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ЛУМБАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4907 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, ЛУМБОСАКРАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4908 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, САКРАЛНА И САКРОКОКЦИГЕАЛНА РЕГИЈА (A18.0+) |
| M4909 | ТУБЕРКУЛОЗА НА `РБЕТ, НЕОЗНАЧЕНА ЛОКАЛИЗАЦИЈА (A18.0+) |
| M7315 | СИФИЛИСТИЧЕН БУРЗИТ, КАРЛИЧНА РЕГИЈА И БЕДРО (A52.7+) |
| M7316 | СИФИЛИСТИЧЕН БУРЗИТ, ПОТКОЛЕНИЦА (A52.7+) |
| M7317 | СИФИЛИСТИЧЕН БУРЗИТ, ГЛУЖД И СТАПАЛО (A52.7+) |
| M7318 | СИФИЛИСТИЧЕН БУРЗИТ, ДРУГА ЛОКАЛИЗАЦИЈА (A52.7+) |
| M7319 | СИФИЛИСТИЧЕН БУРЗИТ, НЕОЗНАЧЕНА ЛОКАЛИЗАЦИЈА (A52.7+) |
| M4911 | БРУЦЕЛА СПОНДИЛИТ, ОКЦИПИТО-АТЛАНТО-АКСИЈАЛНА РЕГИЈА (A23.-+) |
| M4912 | БРУЦЕЛА СПОНДИЛИТ, ЦЕРВИКАЛНА РЕГИЈА (A23.-+) |
| M4913 | БРУЦЕЛА СПОНДИЛИТ, ЦЕРВИКОТОРАКАЛНА РЕГИЈА (A23.-+) |
| M4914 | БРУЦЕЛА СПОНДИЛИТ, ТОРАКАЛНА РЕГИЈА (A23.-+) |
| M4915 | БРУЦЕЛА СПОНДИЛИТ, ТОРАКОЛУМБАЛНА РЕГИЈА (A23.-+) |

Слика 3.1-2

Со одбирање на линкот од кодот истиот се додава во првото слободно поле за пополнување на одбраната дијагноза или процедура, во формата за групирање.

# ПРЕГЛЕД

На страната за Преглед на внесените ДРГ-ја, корисникот може да добие изгенериран преглед и тоа:

- преглед за **тековниот** и **претходниот месец**,
- како и листа со ДРГ-ја кои што се одобрени за промена од страна на Фондот за здравство.




Со одбирање на копчето **Генерирај Преглед** се прикажуваат внесените ДРГ-а од страна на болниците во одбраниот период.

Ако станува збор за Болница тогаш **Болницата има право да промени ДРГ најкасно до 5-ти за претходниот месец**, со одбирање на копчето од колоната “**Промена**” Слика4.1-2.

Доколку е логиран корисник со ролја супервизор тогаш има можност за одобрување на промена на одредено ДРГ најмногу за 3 месеци station наназад.

Период на преглед на внесени  ДРГ- ја се прави **според датумот на отпуст**



Од дата:
До дата:
За болница: - Сите болници -
Генерирај Преглед

| DRG | Шифра | Болница | Дата на внес | Статус | Промена |
|---|---|---|---|---|---|
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |
| G62Z | 123QWE234ASD | Kumanovo | среда, 30 јануари 2008 | Валиден запис | Дозвола за промена |

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10 ...

Експортирај во Excel
Печати

Слика 3.1-2

Од добиената листа на екранот може да се избере **одредено ДРГ** за да се прегледаат подетални информации внесени за ДРГ-то за одреден пациент.



| DRG | |
|---|---|
| G62Z | 1 |
| G62Z | 1 |
| G62Z | 1 |
| G62Z | 1 |

Слика 4.1-3

На Слика 4.1-4 се прикажани информации за одредено ДРГ.




Слика 4.1-4

Со одбирање на копчето “**Експортирај во Excel**” информациите се прикажуваат во Excel формат. Копчето **Печати** овозможува печатење на информациите прикажани за одреденото ДРГ прикажани во Слика 4.1-5.




Слика 4.1-5

# 6 ПРОМЕНА НА ЛОЗИНКА

## 6.1 Промена на вашата лозинка

Откако се избере линкот “Промена на лозинка” корисникот може да направи измена на својата постоечка лозинка. Корисникот со новото логирање во системот треба да ја внесе новата лозинка.

# ДСГ Образец

## ДИЈАГНОСТИЧКО СРОДНИ ГРУПИ

## DIAGNOSTIC RELATED GROUPS

Key words: DRG, Casemix, Grouper, AR-DRG, ICD10,

Почитувани,

Ви благодариме за Вашите досегашни напори, за Вашата подршка и Вашите позитивни сугестии во спроведување на реформите во Болничката Здравствена Заштита и имплементација на ДРГ како мерило за утврдување на обемот и ефикасноста на здравствената работа во Република Македонија.

Во контакти со Вашите одговорни лица за воведување на ДРГ системот сме информирани за оредени потешкотии .

Со цел да се помогне при практична примена на ДРГ груперот Ви нудиме предлог образец за внес на податоците .

Истиот по пополнување од Ваша страна(потпишан и заверен ) , може да го доставите до членовите на групата за имплементација на ДРГ или до контролорите , а кој по групирањето ќе Ви биде вратен .

ЗА ПОДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ , ПРАШАЊА И ПОЈАСНУВАЊА

Јавете се на 076 475 904
02 3289 006
070 340 917
02-3119 479
e-mail: igorn@fzo.org.mk

**Име и Презиме** ________________________________ **Возраст** ________________

**Тип на испис** _____________________________

### Примарна Дијагноза

| Шифра | Опис |
| --- | --- |

### Секундарни Дијагнози

| Шифра | Опис |
| --- | --- |
| | |
| | |
| | |
| | |

### Медицински Интервенции (Процедури)

| Шифра | Опис |
| --- | --- |
| | |
| | |
| | |
| | |

Потпис и Штембил на Лекарот